ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "ВОДОВОД" ц.о.
Ndermarrja publike "VODOVOD" c.o.
Бр.Nr. 05- 798/2
11.05.2020 год. viti
КУМАНОВО – KUMANOVE

Приватна агенција за вработување
ЕСИ ВРЕМЕНО ВРАБОТУВАЊЕ
ESI
Бр. 0307-674
14.05.2020 год.
СКОПЈЕ

# Д О Г О В О Р

## За јавна набавка на услуги за привремени вработувања за потребите на ЈП Водовод Куманово

Склучен на ден 11.05.2020 година помеѓу:

1. ЈП Водовод Куманово, со седиште во Куманово на ул. Фетка Наскова бр. 22, со ЕМБС 4031245 застапувано од ВД Директор Горан Стојковски, во понатамошен текст Договорен орган (Работодавач корисник) од една страна и
2. Приватна агенција за вработување ЕСИ ВРЕМЕНО ВРАБОТУВАЊЕ со седиште во Скопје на ул.Кострусκи Херои бр. 62/1-1, со МБС 6274714 , застапувано од Директорот Димитар Атанасовски, во понатамошен текст Носител на набавката (Агенција) од друга старана.

### Предмет на договорот

Член 1

Предмет на овој Договор е ***услуги за привремени вработувања*** за потребите на Договорниот орган ЈП ВОДОВОД Куманово,сукцесивно согласно техничката спецификација и прифатена понуда, согласно одлуката за јавна набавка по оглас број 04261/2020 и одлуката за избор на најповолна понуда .

### Вредност на договорот

Член 2

Надоместокот (провизија ) за трошокот за услугата за привремените отстапувања на работници изнесува 6,23 % од бруто платата на лицата ангажирани преку давателот на услугите.

Процентот е фиксен и не се менува .

Вкупната вредност на договорот изнесува 7.500.000,00 денари без пресметан ДДВ .

Корисникот на услугата не е обврзан да го реализира целосниот износ наведен во став 2 од овој член, а без притоа Носителот на набавката да бара целосна реализација.

### Времетраење на договорот

Член 3

Договорот за јавна набавка се склучува за период од 1 (една ) година, односно до искористување на вредноста од член 2 став 3 од овој Договор.

### Обврски на носителот на набавката (агенцијата)

Член 4

- Носителот на набавката врз основа на барањето за отстапуваване на работници за вршење на привремени работи се обврзува на договорниот орган да отстапи работниците за вршење на привремени работи, при што задолжително постапува согласно барањата на Договорниот орган во однос на образованието и квалификациите на лицата кои привремено ќе ги отстапи;
- целокупната техничка и правна подготовка на договорите за вработување, пријавување и одјавување на работниците во Агенцијата за вработување и Фонд за здравствено осигурување, да ја изврши во рок од 2 (два) дена од датумот на прием на барањето за отстапуваване на работници за вршење на привремени работи, изготвено од страна на Договорниот орган;
- на отстапените работници за вршење на привремени работи да им исплати плата , надоместоци на плата и придонеси за социјално осигурување во рок од 1 (еден) ден, по извршената уплата на средства од страна на договорниот орган согласно извештајот за остварени ефективни работни часови за отстапените работници доставен од договорниот орган. Исто така Агенцијата е должна веднаш по исплата на платата на отстапените работници да им достави и исплатни листи.
- не смее дополнително да ги оптоварува ниту Договорниот орган, ниту привремено отстапените работници со било кој тип на трошоци;
- Обврските на носителот на набавката се превземени од техничката спецификација и прифатената понуда кои се составен дел на овој договор.

**Обврски на Договорниот орган**

Член 5

- Договорниот орган е должен да достави писмено барање (по факс, е- пошта или лично на рака) за потреба од работник за вршење на привремени работи во кое ќе ги наведе потребните квалификации и образование на работникот, видот на работите кои ќе врши отстапениот работник, место каде ќе ги извршува работите, периодот за кој се бара отстапување на работникот;
- да достави извештај за остварени ефективни работни часови за отстапениот работник;
- да обезбеди средства за плата, придонеси и други додатоци и надоместоци за периодот за кој му е отстапен работникот, согласно Законот и КД;
- Договорнот орган е согласен за извршената услуга на носителот на набавката да му плати надоместок (провизија) во висина од 6.23 % ( проценти) од бруто платата на привремено отстапените работници; Цената на услугата е превземена од прифатената понуда на носителот на набавката , и е составен дел на овој договор.
- на отстапениот работник да му обезбеди исто ниво на заштита на здравје и безбедност, како и на другите работници.
- на отстапените работници да им овозможи остварување на права и обврски од работен однос согласно Закон, Колективен договор и актите на корисникот на услугата.
- со личните податоци на отстапените работници постапува во согласност со Законот за заштота на лични податоци;

Член 6

Во случај да дојде до неисполнување на обврските од страна на носителот на набавката, а при тоа предизвика штетни последици во процесот на работењето на договрниот орган, истиот има право да бара надомест на штета.

Член 7

Договорнот орган се обврзува извршената услуга да ја плати во рок од 15 дена од денот на доставување на фактурата и комплетаната документација во архивата на ЈП Водовод, од страна на носителот на набавката.

**Гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот**

Член 8

Носителот на набавката ( Агенција) се обврзува во рок од 5 (пет) работни дена од денот на приемот на дописот за доставување на Договорот и барање за доставување на банкарска гаранција, на Договорниот орган , да му достави валидна банкарска гаранција во износ од 5 % од износот утврден во член 2 став 3 од овој Договор, како средство со кое Договорниот орган се обезбедува дека Носителот на набавката ( Агенција ) навремено, квалитетно, целосно и според условите од Договорот ќе ги извршува услугите. Банкарската гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Гаранцијата за квалитетно извршување на Договорот е со рок на важност до целосно реализирање на Договорот.

Гаранцијата за навремено и квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста.

Во случај на неисполнување на некоја од обврските во рокот на стасаноста од договорот за јавна набавка согласно договореното, договорниот орган писмено ќе го извести носителот на набавката дека ќе пристапи кон наплата на банкарската гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за навремено и квалитетно извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на економскиот оператор или лично во седиштето на договорниот орган.

**Виша сила**

Член 9

Договорните страни се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон друга за губиток, повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор кои се предизвикани од виша сила.

Под виша сила се подразбира се она што е регулирано со Закон за облигациони односи.

Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна, во случај на стапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на Договорот.

**Договорна казна за задоцнување или неисполнување на договорот**

Член 10

Доколку Носителот на набавката ( Агенција) задоцни со исполнување на своите обврски преземени со овој Договор, Договорниот орган има право на договорна казна и надомест на штета, а во секој случај има право да бара исполнување на обврската.

Договорната казна изнесува 1‰ (1 промил) од месечната провизија за секој ден задоцнување ако услугите не се завршат во предвидениот рок, со тоа што износот на така определената договорна казна не може да премине 5% од месечната провизија.

Договорниот орган има право да бара договорна казна и кога нејзиниот износ ја надминува висината на штетата што ја претрпел, како и кога не претрпел никаква штета.

Ако штетата што ја претрпел Договорниот орган е поголема од износот на договорната казна, тој има право да бара разлика до целосниот надомест на штетата.

**Раскинување на договор**

Член 11

Доколку Носителот на набавката ( Агенција ) не го извршува предметот на овој Договор, на начин и со квалитет утврден во истиот и во предвидениот рок, Договорниот орган може да го раскине Договорот, а банкарската гаранција утврдена во член 8 од овој Договор, да ја наплати во своја корист.

Член 12

Во случај на непочитување на одредбите на овој Договор, секоја од договорните страни има право и пред истекот на договорениот рок да го раскине овој Договор, по претходно писмено известување на другата договорна страна во рок од 10 (десет) дена пред раскинувањето на Договорот.

Во случај на предвремено раскинување на овој Договор, Договорниот орган е должен да ги надомести сите трошоци за плата, придонеси и други додатоци и надоместоци за отстапените работници, заклучно со последниот ден на извршување на услугите кај Договорниот орган .

Член 13

Во случај на неисплаќање на средствата за плати за работниците во рок подолг од 15 дена по префрлање на средствата од страна на Договорниот орган (работодавачот-корисник), договорот се раскинува без отказен рок.

**Корупциско или измамничко однесување**

Член 14

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој договор.

**Завршни одредби**

Член 15

Пред започнувањето на работното ангажирање на бараните привремени работници кај Договорниот орган , Носителот на набавката (Агенција ) со секој работник поединечно склучува договор за вработување со детално прецизирање за видот и обемот на ангажманот, како и на сите права и обврски кои ќе произлезат од работниот однос.

Член 16

Договорените страни се согласни за се што не е предвидено со овој договор да важат позитивните законски прописи од Законот за агенции за привремени вработувања и законот за облигациони односи.

Член 17

Изменувања и дополнување на Договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорот може да се менува со Анекс-Договор само во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки , законот за облигациони односи и тендерската документација.

Договорната страна која бара изменување или дополнување на договорот своето барање е должна да го достави до другата договорна страна во писмена форма.

Член 18

Сите спорови по овој договор, договорните страни ќе настојуваат да ги решат спогодбено, а до колку тоа не се постигне, за нивно разрешување, странките договараат месна надлежност на Основен суд Куманово.

Член 19

Овој договор е склучен во 6 (шест) еднакви примероци од кои по три за секоја договорена страна и истиот ќе стапи во сила **од 01.06.2020 година**.

| Договорен орган - Работодавач корисник | Носител на набавка -Агенција |
| --- | --- |
| ЈП ВОДОВОД Куманово | ПАВ ЕСИ ВРЕМЕНО ВРАБОТУВАЊЕ Скопје |
| Горан Стојковски | Димитар Атанасовски |
| Одговорно лице | Одговорно лице |

## III. ОБРАЗЕЦ НА ПОНУДА

Врз основа на огласот **бр. 04261/2020** објавен од страна на ЈП ВОДОВОД Куманово, за доделување на договор за јавна набавка на **услуги за привремени вработувања**, со спроведување на **отворена постапка** со е-аукција преку ЕСЈН (https://www.e-nabavki.gov.mk) и на тендерската документација која ја подигнавме од договорниот орган, ја поднесуваме следнава

**КОНЕЧНА П О Н У Д А**

**ДЕЛ I – Информации за понудувачот**

1.1. Име на понудувачот: Приватна агенција за вработување ЕСИ ВРЕМЕНО ВРАБОТУВАЊЕ
1.2. Контакт информации
Адреса: ул.Коструски Херои бр. 62/1-1 Скопје,
Телефон: 023246899
Факс: 02346897
Е-пошта: office@esi.mk
Лице за контакт: Славица Милошевска Славковска
1.3. Одговорно лице: Димитар Анастасовски
1.4. Даночен број: 403000703952
1.5 Матичен број: 6274714

1.6. Нашата понудата е составена од следниве делови:

- пополнет образец на понуда составен од (Дел **I-** информации за понудувачот и дел Дел **II** финансиска понуда);
- причини за исклучување од постапката од точка 2.2.2 од тендерската документација;
- документи за утврдување на способноста за вршење на професионална дејност наведен во точка 2.3.1 од тендерската документација;
- **важечка Лиценца „А" за вршење на привремени вработувања издадена од министерството надлежно за работи од областа на трудот**
- изјава за сериозност на понудата;
- **Потпишан модел на договор**
- документи означени како деловна тајна (ако нема доверливи информации, да не се прикачуваат документи во полето „Деловна тајна" од образецот на понуда на ЕСЈН)
- договор за групна понуда (само за група на економски оператори),

1.7. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во огласот и тендерската документација и не го оспоруваме Вашето право да ја поништите постапката за доделување на договор за јавна набавка согласно со член 114 од Законот за јавните набавки.

## Дел II – Финансиска понуда

II.1. Вкупната цена на нашата понуда, односно **агенциска провизија** (изразена во % (процент) од бруто износот на фактурираната вредност), вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, изнесува **6,23 %** ***(се впишува процентот на агенциска провизија )*** (**шестзапиркадваесетитри** ) *[со букви] проценти.*

II.2 Нашата понуда важи за период утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

II.3 Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација и техничка спецификација.

Место и датум
Скопје, 14.05.2020

Одговорно лице*

Приватна агенција за вработување
ЕСИ ВРЕМЕНО ВРАБОТУВАЊЕ
ESI
СКОПЈЕ

(потпис и печат)

*Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.